Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 6-та седница одржана на ден _.12.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за престанок на мандатот на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на вршителите на должност, членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење во ЈКП „Дервен“ Велес:

   - Жарко Атанасовски и
   - Елена Панов.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател<br>
на Советот на Општина Велес<br>
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 22.04.2025 година донесе Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со бр. 25-2397/31 од 22.04.2025 година со кое се именуваат Жарко Атанасовски и Елена Панов.

Согласно 17-ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24): „Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување“.

Поради истек на шест месечниот мандат на именуваните членови, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 63-та седница одржана на ден 22.04.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат двајца вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес:

   Жарко Атанасовски и
   Елена Панов.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-2397/31
22.04.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Градоначалник;
- лицата;
-ЈКП Дервен Велес и
-Списи и архива.